Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-534/4
13.09.2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-534/1 од 25.7.2024 година поднесена од [redacted] од с. [redacted] против Министерство за внатрешни работи за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-534/1 од 25.7.2024 година поднесена од [redacted] против Министерство за внатрешни работи за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

### Образложение

На ден 25.7.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против Министерството за внатрешни работи, за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

Согласно член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.
Согласно член 24 став 1 од Законот, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.
Согласно член 24 став 2 од Законот, доколку претставката не ги содржи елементите од ставот (1) на овој член или е нејасна, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката.

Од причина што во претставката не беше наведен компаратор, односно лице во споредба со кое подносителот тврди дека бил понеповолно третиран, како и не беа наведени околности поврзани со дискриминаторската основа врз која подносителот смета дека била извршена дискриминацијата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 22.8.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката во насока што ќе наведе компаратор, односно ќе посочи конкретно лице во споредба со кое бил третиран понеповолно и исто така ќе ја објасни дискриминаторската основа која ја има наведено, односно ќе ја образложи неговата политичка припадност и онаа на компараторот. Дополнително, бидејќи од самата содржина на претставката беше нејасно за што точно станува збор, беше побарано да ја достави неговата пријава на интерниот оглас кој го посочува и да појасни дали му било врачено предметното Решение или не.

Подносителот на ден 22.8.2024 година достави дополнување на претставката со бр. 08-534/3 со кое како потенцијални дискриминатори ги наведе Началникот на [redacted] и други лица вработени во кабинетот на Министерството за внатрешни работи, но не ги достави бараните податоци и информации.

Оттука, бидејќи претставката не беше соодветно доуредена во предвидениот законски рок од страна на подносителот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката заради неуредност.

Скопје
13.9.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]